| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Што имам јас |
| **Содржина на денот** | Што можат моите рачиња |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Дајана М. Костова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Стекнување на културно хигиенски навики и обврски да ги мијат рачињата послем секоја игра и ликовна активност. |
| **Активности** | Како подготовка за оваа активност во просторот обезбедете играчки, хартија, боички, пластелин, конец и се што ќе ви дојде како идеја, а што може детето да го искористи како играчка или да го поттикне на некоја активност.<br><br>Може да ве имитира што правите Вие со рацете. На пример: редете коцки, мијте ги рацете, погалете го, цртајте, месете тесто.<br><br>Ако сте во можност, на плочка или картон, ставете темперни бои и поттикнете го детето да слика со прсти, па и со целото раче, помагајте, не му сугерирајте што да наслика и на крајот прашајте го што насликало. Дајте му доволно време да ви објасни што насликало. Запишете си и ставете датум. Еден ден, по можеби 10 години оваа игра ќе биде еден Ваш убав спомен. |